- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

Архивски број 04-1335/9
Датум: 07.09.2023

Врз основа на член 52, став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 Службен весник на Република Северна Македонија број 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес број 02-847/5 од 28.06.2019 година, 02-1612/2 од 27.11.2019 година, 02-6011/2 од 29.12.2020 година и 02-215/2 од 31.01.2023 година, директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес, донесе

О Д Л У К А
за избор на кандидат по пат на Интерен оглас број 01/2023 за пополнување на работно место со унапредување

1. За извршител на работно место Раководител на оддел за административни и помошно-технички работи – Раководител на оддел, шифра на работно место СОЗ0102Б04002 – 1 (еден) извршител, се избира кандидатот **Тања Маневска**.

2. Именуваниот кандидат ќе биде распореден на работното место од став 1 на оваа одлука по конечноста на одлуката.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено Известување за обезбедени финансиски средства бр.18-8688/2 од 18.08.2023 година од Министерството за финансии доставено преку Министерството за труд и социјална политика и Барањето за започнување на постапка за унапредување на раководен

- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

административен службеник бр.04-1238/5 од 22.08.2023 донесена е Одлука за пополнување на слободно работно место со унапредување на лице по пат на објавување на интерен оглас бр.04-1238/6 од 22.08.2023 година и на ден 29.08.2023 година објавен е Интерен оглас бр.01/2023 за пополнување на слободно работно место со унапредување бр.04-1335/1 од 22.08.2023 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и установата.

Со Решение бр.04-1335/5 од 06.09.2023 година формирана е Комисија за селекција на унапредување по интерен оглас, која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник од административна селекција за интерен оглас број 04-1335/6 од 07.09.2023 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју за интерен оглас број 04-1335/7 од 07.09.2023 година.

Врз основа на Финалната ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат број 04-1335/8 од 07.09.2023 за пополнување на работното место Раководител на оддел за административни и помошно-технички работи – Раководител на оддел, директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес изврши избор и донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба преку Агенцијата за администрација до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

ДИРЕКТОР
Азиза Шини

Република Северна Македонија Јавна установа меѓуопштински центар за социјални работи ВЕЛЕС


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарова,, бр. 3 Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www. jumcsrveles.gov.mk